
МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ
МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА:
ОТВОРЕНО ЗА КОНТРОВЕРЗИ ВО КЛИНИЧКАТА ПРАКСА
ДАТУМ
21 и 22 Ноември 2025
ЛОКАЦИЈА
Скопје
ОРГАНИЗАТОР
Факултет за дентална медицина МИТ Универзитет
МИТ УНИВЕРЗИТЕТ
Swipe >

МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА

ОТВОРЕНО ЗА КОНТРОВЕРЗИИ ВО КЛИНИЧКАТА ПРАКСА

СИМПОЗИУМ

21 - 22.11.2025

Факултет за Дентална Медицина

МИТ Универзитет Скопје



МИТ Универзитет – Организатор на Симпозиумот

МИТ Универзитет е млад, динамичен и амбициозен универзитет со јасна визија за престиж во високото образование. Основан во 2007 година со Факултетот за менаџмент и Факултетот за информациски технологии, Универзитетот брзо се развива и денес брои 13 студиски програми на додипломски и 20 на постдипломски студии, распоредени во седум факултети и еден колеџ:

- **Факултет за дентална медицина**
- **Факултет за психологија**
- **Факултет за архитектура**
- **Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија**
- **Факултет за безбедносни науки**
- **Факултет за економски науки**
- **Колеџ за медицинска козметологија, велнес, спа и физиотерапија**

МИТ Универзитет ги следи најновите научни достигнувања и практичните потреби на пазарот на трудот, обезбедувајќи студентите да стекнат апликативни знаења и компетенции. Академската средина се темели на современи методи и блиска соработка со институции и престижни универзитети од странство.

Во духот на својата мисија за поврзување на науката и практиката, **Факултетот за дентална медицина при МИТ Универзитет – Скопје е организатор на Симпозиумот со меѓународно учество „МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА: ОТВОРЕНО ЗА КОНТРОВЕРЗИИ ВО КЛИНИЧКАТА ПРАКСА"**, кој ќе се одржи на **21–22 ноември 2025 година во Скопје**.

Овој настан ја потенцира посветеноста на Универзитетот кон висококвалитетно образование и научна дебата, создавајќи простор за споделување знаења, искуства и најнови клинички практики со меѓународно значење.

„МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА: ОТВОРЕНО ЗА КОНТРОВЕРЗИИ ВО КЛИНИЧКАТА ПРАКСА“
21–22.11.2025 година; Факултет за дентална медицина при МИТ Универзитет – Скопје

Во рамките на подготовките за Симпозиумот со меѓународно учество, формирани се Научен и Организациски одбор. Овие одбори претставуваат основа за успешно планирање и реализација на настанот.

Научниот одбор е одговорен за стручната релевантност, научната вредност и квалитетот на програмата, обезбедувајќи висок академски стандард и современи научни согледувања. Организацискиот одбор, пак, ја гарантира практичната изведба, координацијата и логистичката поддршка, овозможувајќи непречено одвивање на сите активности.

Преку заедничката работа и посветеност, двата одбора овозможуваат симпозиумот да стане значајна платформа за размена на знаење, искуства и актуелни клинички практики меѓу стоматолозите од земјата и од странство.

ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР

Претседател: Доц. д-р. спец. Данчо Бизевски
Генерален секретар: Доц. д-р. Славица Христоманова Митковска
Членови:

- Доц. д-р. Жаклина Менчева
- Доц. д-р. Сашо Стојковиќ
- Доц. д-р. Буњамин Џафери
- Доц. д-р. Филип Тантуровски
- Доц. д-р. Наум Трпеноски
- Доц. д-р. Емилија Рамбабова
- Доц. д-р. Вера Пеншовска Николова
- Доц. д-р. Ѓорѓи Божиновски
- Д-р. спец. Горги Ѓотев
- Д-р. спец. Дритан Агај
- Д-р. спец. Сузана Маџарова Ангелевска
- Д-р. спец. Костадин Кангов

НАУЧЕН ОДБОР

- Проф. емеритус Јордан Јанев
- Проф. емеритус Снежана Иљовска
- Проф. д-р. Елизабета Попова Рамова
- Проф. д-р. Мирјана Поповска
- Проф. д-р. Добрила Тошовска Лазарова
- Проф. д-р. Ѓорѓи Шуманов
- Вонр. Проф. д – р. Анета Петрушевска
- Доц. д-р. спец. Данчо Бизевски
- Доц. д-р. Славица Христоманова Митковска
- Доц. д-р. Жаклина Менчева
- Доц. д-р. Сашо Стојковиќ
- Доц. д-р. Буњамин Џафери
- Доц. д-р. Филип Тантуровски
- Доц. д-р. Наум Трпеноски
- Доц. д-р. Емилија Рамбабова
- Доц. д-р. Вера Пеншовска Николова
- Доц. д-р. Ѓорѓи Божиновски

Почитувани колеги, драги пријатели,



Со искрено задоволство и огромна чест Ве известуваме дека Факултетот за дентална медицина при МИТ Универзитет – Скопје ќе биде организатор на **Симпозиум по стоматологија со меѓународно учество**, кој ќе се одржи на **21 и 22 ноември 2025 година** во Скопје. Овој симпозиум претставува значајна можност да се обединат науката, клиничката пракса и современите технологии со заедничка цел – унапредување на денталната медицина во нашата земја и регионот.

Научната програма е внимателно подготвена и опфаќа работилници, предавања, панел-дискусии и презентации од реномирани професори и експерти од земјата и странство. Темите ги опфаќаат најактуелните аспекти на современата стоматологија – од дијагностика и терапија, до дигитални технологии, имплантологија, естетска стоматологија, орална хирургија и превентивни стратегии.

Учесниците ќе имаат можност да ги следат најновите трендови, да учествуваат во дискусии, да поставуваат прашања и да ги споделат сопствените клинички искуства. Ова ќе придонесе за динамична и продуктивна научна средина, која овозможува јасно согледување на актуелните предизвици и идните насоки во денталната медицина.

Главната цел на симпозиумот е да поттикне размена на знаење, да презентира современи научни и клинички достигнувања и да создаде простор за професионален развој и инспирација. Веруваме дека ваквите настани се темел за раст на професијата и за развој на силна, компетентна и поврзана стручна заедница.

Со организирањето на овој симпозиум стремиме да воспоставиме традиција на редовни меѓународни собири во Скопје и да ја зајакнеме улогата на Македонија како значаен регионален центар за научни и професионални средби во областа на стоматологијата.

Ве покануваме искрено да присуствувате и со Вашето активно учество да придонесете кон успешната реализација на овој значаен настан. Вашето присуство е драгоцено за заедничката мисија – унапредување на стоматологијата и создавање подобра иднина за нашите пациенти и нашата професија.

Со почит,
Прим. доц. д-р Данчо Бизевски
Претседател на Организацискиот одбор
Факултет за дентална медицина
МИТ Универзитет – Скопје

ПРОГРАМА ЗА СИМПОЗИУМ СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

Меѓу праксата и науката: Отворено за контроверзии во клиничката пракса

08:00 – 11:45 РАБОТИЛНИЦИ (Истовремено)

	Тема / Предавање	Едукатор / Предавач
21.11.2025	**Работилница 01**: Автографт: трансплантат од сврзно ткиво и слободен гингивален трансплантат во пародонталната и имплантната хирургија	Прим. доц. д-р Жаклина Менчева
	Работилница 02: Протокол на добивање и клиничка употреба на автологен дентински графт - AMDG и DDM во презервација на алвеоларен гребен	Доц. д-р Буњамин Џафери
	Работилница 03: Имплантопротетски процедури кај пациенти со тотална безабост	Доц. д-р Филип Тантуровски и Прим. доц. д-р Данчо Бизевски

12:00 – 12:15 СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ

	12:15 – 14:15 – Сесија 01	
21.11.2025	12:15 – 12:45: „Ендодонција под микроскоп: успех, неуспех и границите на донесување одлуки“	Доц. д-р. Александра Жужа
	12:45 – 13:15: „Back to basic – принципи за предвидлива ендодонтска терапија“	Д-р. спец. Ристо Панајоту
	13:15 – 13:45: „Перспективата на биокерамски материјали во ендодонтската терапија: нов концепт за затварање на канали и поправка на перфорации“	Проф. д-р. Ивона Баго
	13:45 – 14:15: Дискусија	

14:20 – 14:50 Кафе пауза

	15:00 – 17:30 – Сесија 02	
21.11.2025	15:00 – 15:30: „Втора генерација на тромбоцитно збогатен фибрин (A-PRF) – иновативен регенеративен пристап во оралната хирургија и имплантологија“	Проф. д-р. Даниела Велеска Стефковска
	15:30 – 16:00: „Стоматолошко менаџирање кај пациенти со кардиоваскуларни заболувања – Клиничка перспектива“	Доц. д-р. Тања Анѓушева
	16:00 – 16:30: „Лекување на фрактури на кондиларниот процес на мандибулата во Хрватска“	Д-р. спец. Игор Чврљевиќ
	16:30 – 17:00: „Компликации во естетската медицина при инјекциони техники на лицевата регија“	Вон.проф. д-р. спец. Пеев Игор
	17:00 – 17:30: Дискусија	

20:00 СВЕЧЕНА ВЕЧЕРА

	Тема / Предавање	Едукатор / Предавач
	09:00 – 11:30 – Сесија 03	
22.11.2025	09:00 – 09:30: „Различни оперативни гајдови во оралната имплантологија“	Доц. д-р. Ванчо Спиров
	09:30 – 10:00: „Користење на алогенски блокови коска во регенерација на алвеоларната коска“	Проф. д-р. Томислав Чабов
	10:00 – 10:30: „Дигитално скенирање во имплант-протетика: најсовремени достигнувања“	Проф. д-р. Роберт Челич
	10:30 – 11:00: „Имедијатна имплантологија - Процедура за сите предизвици“	Спец. д-р. Маријан Стојановски
	11:00 – 11:30: Дискусија	
11:40 – 12:10 Кафе пауза		
	12:20 – 14:50 – Сесија 04	
22.11.2025	12:20 – 12:50: „Нови концепти и можности во модерната фиксна ортодонтска терапија“	Проф. д-р. Стипица Поповски
	12:50 – 13:20: „Орални преканцерози – чекори во амбулантски услови“	Проф. д-р. Мирјана Поповска
	13:20 – 13:50: „Биоестетика и биофункција во ортодонцијата“	Спец. д-р. Александра Подолешова
	13:50 – 14:20: „Орален статус кај пациенти во детска возраст дијагностицирани со Sy Gilbert’s и β-таласемија“	Проф. д-р. Оливера Саракинова
	14:20 – 14:50: Дискусија	

BETWEEN PRACTICE AND SCIENCE

OPEN FOR CONTROVERSIES IN CLINICAL PRACTICE

SYMPOSIUM

21 - 22.11.2025
Faculty for Dental Medicine

MIT University Skopje





MIT University is a young, dynamic, and ambitious university with a clear vision for prestige in higher education. Founded in 2007 with the Faculty of Management and the Faculty of Information Technology, the University has rapidly developed and today offers 13 undergraduate programs and 20 postgraduate programs, organized across seven faculties and one college:

- **Faculty of Dental Medicine**
- **Faculty of Psychology**
- **Faculty of Architecture**
- **Faculty of Law, International Relations and Diplomacy**
- **Faculty of Security Sciences**
- **Faculty of Economic Sciences**
- **College of Medical Cosmetology, Wellness, Spa, and Physiotherapy**

MIT University follows the latest scientific advancements and the practical needs of the labor market, ensuring that students acquire applied knowledge and competencies. The academic environment is based on modern teaching methods and close collaboration with institutions and prestigious universities abroad.

In line with its mission to connect science and practice, the **Faculty of Dental Medicine at MIT University – Skopje is the organizer of the International Symposium "BETWEEN PRACTICE AND SCIENCE: OPEN TO CONTROVERSIES IN CLINICAL PRACTICE,"** which will be held on **21–22 November 2025 in Skopje**.

This event highlights the University's commitment to high-quality education and scientific debate, creating a platform for sharing knowledge, experiences, and the latest clinical practices of international relevance.

“Between Practice and Science: Open to Controversies in Clinical Practice”
21–22 November 2025; Faculty of Dental Medicine, MIT University – Skopje

As part of the preparations for the Symposium with international participation, a Scientific Committee and an Organizing Committee have been established. These committees form the foundation for the successful planning and execution of the event.

The Scientific Committee is responsible for ensuring the professional relevance, scientific value, and overall quality of the program, maintaining a high academic standard and incorporating contemporary scientific insights. The Organizing Committee ensures the practical implementation, coordination, and logistical support necessary for the smooth execution of all activities.

Through their joint dedication and collaboration, the two committees enable the symposium to serve as an important platform for the exchange of knowledge, experience, and current clinical practices among dental professionals from the country and abroad.

ORGANIZING COMMITTEE

Chair: Asst. Prof. Dancho Bizevski,
General Secretary: Asst. Prof. Slavica Hristomanova Mitkovska,
Members:
• Asst. Prof. Zhakarina Mencheva,
• Asst. Prof. Sasho Stojkovikj,
• Asst. Prof. Bunjamin Dzaferi,
• Asst. Prof. Filip Tanturovski,
• Asst. Prof. Naum Trpenoski,
• Asst. Prof. Emilija Rambabova,
• Asst. Prof. Vera Penshovska Nikolova,
• Asst. Prof. Gjorgji Bozinovski,
• Dr. Gorgi Gjotev,
• Dr. Dritan Agaj,
• Dr. Suzana Madzarova Angelevska,
• Dr. Kostadin Kangov,

SCIENTIFIC COMMITTEE

• Prof. Emeritus Jordan Janev
• Prof. Emeritus Snezana Iljovska
• Assoc. Prof. Elizabeta Popova Ramova,
• Prof. Mirjana Popovska,
• Prof. Dobrila Toshovska Lazarova,
• Prof. Gjorgji Shumanov,
• Asst. Prof. Aneta Petrushevska,
• Asst. Prof. Dancho Bizevski,
• Asst. Prof. Slavica Hristomanova Mitkovska,
• Asst. Prof. Zhakarina Mencheva,
• Asst. Prof. Sasho Stojkovikj,
• Asst. Prof. Bunjamin Dzaferi,
• Asst. Prof. Filip Tanturovski,
• Asst. Prof. Naum Trpenoski,
• Asst. Prof. Emilija Rambabova,
• Asst. Prof. Vera Penshovska Nikolova,
• Asst. Prof. Gjorgji Bozinovski.

Dear colleagues, dear friends,



It is with great pleasure and immense honor that we inform you that the Faculty of Dental Medicine at MIT University – Skopje will be the organizer of the International Symposium on Dentistry, which will take place on 21 and 22 November 2025 in Skopje. This symposium represents an important opportunity to bring together science, clinical practice, and modern technologies with a shared goal – the advancement of dental medicine in our country and the region.

The scientific program has been carefully prepared and includes workshops, lectures, panel discussions, and presentations by renowned professors and experts from the country and abroad. The topics cover the most current aspects of modern dentistry – from diagnostics and therapy to digital technologies, implantology, aesthetic dentistry, oral surgery, and preventive strategies.

Participants will have the opportunity to follow the latest trends, engage in discussions, ask questions, and share their own clinical experience. This will contribute to a dynamic and productive scientific environment that enables a clear understanding of current challenges and future directions in dental medicine.

The main goal of the symposium is to encourage the exchange of knowledge, present contemporary scientific and clinical achievements, and create space for professional development and inspiration. We believe that such events are fundamental for the growth of the profession and for building a strong, competent, and well-connected professional community.

By organizing this symposium, we strive to establish a tradition of regular international gatherings in Skopje and strengthen Macedonia's position as an important regional center for scientific and professional meetings in the field of dentistry.

We sincerely invite you to attend and, through your active participation, contribute to the successful realization of this significant event. Your presence is valuable to our shared mission – improving dentistry and creating a better future for our patients and our profession.

With respect,
Prim. Assist. Prof. Dr. Dancho Bizevski
President of the Organizing Committee
Faculty of Dental Medicine
MIT University – Skopje

PROGRAM FOR SYMPOSIUM WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION

Between Practice and Science: Open for Controversies in Clinical Practice

08:00 – 11:45 Workshops (Parallel)

	Topic / Lecture	Educator / Speaker
21.11.2025	**Workshop 01**: Autograft: connective tissue and free gingival grafts in periodontal and implant surgery	Prim. Asst. Prof. Dr. Žaklina Menčeva
	Workshop 02: Protocol for harvesting and clinical application of autologous dentin grafts – AMDG and DDM in alveolar ridge preservation	Asst. Prof. Dr. Bunjamin Džafari
	Workshop 03: Implant-prosthetic procedures in patients with complete edentulism	Asst. Prof. Dr. Filip Tanturovski & Prim. Asst. Prof. Dr. Dancho Bizevski

12:00 – 12:15 OPENING CEREMONY

	12:15 – 14:15 – Session 01	
21.11.2025	12:15 – 12:45: "Endodontics under the Microscope: Success, Failure, and Decision-Making Limits"	Asst. Prof. Dr. Aleksandra Žuža
	12:45 – 13:15: "Back to Basics – Principles for Predictable Endodontic Therapy"	Dr. Spec. Riste Panajotu
	13:15 – 13:45: "The Perspective of Bioceramic Materials in Endodontic Therapy: New Concepts for Canal Obturation and Perforation Repair"	Prof. Dr. Ivona Bago
	13:45 – 14:15: Discussion	

14:20 – 14:50 Coffee Break

	15:00 – 17:30 – Session 02	
21.11.2025	15:00 – 15:30: „Second-Generation Platelet-Rich Fibrin (A-PRF) – An Innovative Regenerative Approach in Oral Surgery and Implantology“	Prof. Dr. Daniela Veleska Stefkovska
	15:30 – 16:00: „Dental Management of Patients with Cardiovascular Diseases – A Clinical Perspective“	Asst. Prof. Dr. Tanja Angjusheva
	16:00 – 16:30: „Treatment of Condylar Process Fractures of the Mandible in Croatia“	Dr. Spec. Igor Chvrljevich
	16:30 – 17:00: „Complications in Aesthetic Medicine with Facial Injection Techniques“	Assoc. Prof. Dr. Spec. Peev Igor
	17:00 – 17:30: Discussion	

20:00 GALA DINNER

	Topic / Lecture	Educator / Speaker
22.11.2025	**09:00 – 11:30 – Session 03**	
	09:00 – 09:30: „Different Surgical Guides in Oral Implantology"	Asst. Prof. Dr. Vancho Spirov
	09:30 – 10:00: „Use of Allogeneic Bone Blocks in Alveolar Bone Regeneration"	Prof. Dr. Tomislav Chabov
	10:00 – 10:30: „Digital Scanning in Implant Prosthetics: Latest Advancements"	Prof. Dr. Robert Chelich
	10:30 – 11:00: „Immediate Implantology – Procedure for All Challenges"	Spec. Dr. Marijan Stojanovski
	11:00 – 11:30: Discussion	
11:40 – 12:10 COFFEE BREAK		
22.11.2025	**12:20 – 14:50 – Session 04**	
	12:20 – 12:50: „New Concepts and Opportunities in Modern Fixed Orthodontic Therapy"	Prof. Dr. Stipica Popovski
	12:50 – 13:20: „Oral Precancerous Lesions – Steps in Outpatient Settings"	Prof. Dr. Mirjana Popovska
	13:20 – 13:50: „Bioaesthetics and Biofunction in Orthodontics"	Spec. Dr. Aleksandra Podoleshova
	13:50 – 14:20: „Oral Status in Pediatric Patients Diagnosed with Sy Gilbert's and β-Thalassemia"	Prof. Dr. Olivera Sarakinova
	14:20 – 14:50: Discussion	


ИЗВАДОЦИ
ABSTRATS
МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ
МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА:
ОТВОРЕНО ЗА КОНТРОВЕРЗИ ВО КЛИНИЧКАТА ПРАКСА
ДАТУМ
21 и 22 Ноември 2025
ЛОКАЦИЈА
Скопје
ОРГАНИЗАТОР
Факултет за дентална медицина МИТ Универзитет
МИТ УНИВЕРЗИТЕТ
Swipe >

Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Северна Македонија
Македонско медицинско електронско списание. 2025 Ное 20; 5:15-16.
https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6578
eISSN: 1857-9809
Категорија: *МИТ-ФДМ2025 - „МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА“*
Секција: *Стоматологија*



OPEN ACCESS

Автографт: трансплантат од сврзно ткиво и слободен гингивален трансплантат во пародонталната и имплантната хирургија

Жаклина Менчева[1,2*]

[1]ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Клиника за орална хирургија и имплантологија - Скопје, РС Македонија; [2]Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет, Скопје, РС Македонија

Уредено: Славица Христоманова-Митковска
Цитирање: Менчева Ж. Автографт: трансплантат од сврзно ткиво и слободен гингивален трансплантат во пародонталната и имплантната хирургија. Македонско медицинско електронско списание. 2025 Ное 20; 5:15-16. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6578
Клучни зборови: автографт; сврзноткивен графт (CTG); слободен гингивален графт (FGG); коронарно поместен флап (CAF); латерално поместен флап (LPF); тунел техника: имплантна хирургија
***Кореспонденција:** Жаклина Менчева, ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Клиника за орална хирургија и имплантологија - Скопје, РС Македонија; Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет, Скопје, РС Македонија. E-mail: zhaklina.mencheva@dm.edu.mk
Примено: 01-Окт-2025
Ревидирано: 10-Ное-2025
Прифатено: 14-Ное-2025
Печатарски права: © 2025 Жаклина Менчева.
Лиценца: Овој труд е со отворен пристап дистрибуиран под условите на Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка
Конкурентски интереси: Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси

Извадок

Вовед: Работилницата е дизајнирана да обезбеди цврста теоретска и практична основа за препознавање, планирање и хируршко третирање на гингивалната рецесија како дел од современата пародонтална хирургија. Се разгледуваат етиопатогенезата и класификацијата на гингивалните рецесии според Miller, како и клиничката важност на гингивалниот биотип и присуството на кератинизирана гингива, особено при имплантна терапија и пародонтални дефекти.

Теоретски дел: Во теоретскиот дел се разгледува значењето на гингивалниот биотип и неговото влијание врз прогнозата и стабилноста на третманот. Детално се анализираат анатомските аспекти при земање слободен гингивален графт (FGG) и сврзноткивен графт (CTG), со акцент на релацијата со a. palatina и хируршките безбедносни параметри. Дополнително, се обработуваат принципите на мекоткивна аугментација во фронталната мандибула и се презентираат индикациите и оперативните протоколи за коронарно поместен флап (CAF), латерално поместен флап (LPF), тунел техника и VISTA-тунел техника. Се дискутираат потенцијални интра- и постоперативни компликации и стратегиите за нивно превенирање. Теоретскиот дел вклучува и демонстрација на техники за земање и апликација на автологни графтови, како и на напредни сутурални техники, меѓу кои двојна W-сутура и Sling-сутура, со цел обезбедување оптимална стабилност, интеграција и естетски резултат. Завршно се прикажуваат клинички случаи со анализа на изборот на техника, протоколот на третман и постигнатите резултати.

Практичен дел: Практичниот дел е структуриран во два последователни сегменти. Прво, на модел од модри домати се усовршуваат техники за земање FGG и CTG, со акцент на прецизност и контрола при харвестирање. Потоа, стекнатите хируршки вештини се применуваат на анимални модели (свински или јагнешки вилици), вклучувајќи дизајнирање CAF, апликација на графт и изведување на соодветни сутурални техники на донор и реципиентното место.

Заклучок: Работилницата овозможува систематско стекнување на теоретски знаења и практични способности за хируршка корекција на гингивалните рецесии. Комбинацијата на автологни графт-техники и соодветна флап- и сутурална техника претставува клучен елемент за успешна регенеративна и естетска пародонтална терапија.

Autograft: Connective Tissue and Free Gingival Graft in Periodontal and Implant Surgery

Zhaklina Mencheva[1,2]*

[1]University Dental Clinical Center "St. Pantelejmon", Clinic for Oral Surgery and Implantology - Skopje, RN Macedonia; [2]Faculty of Dental Medicine, MIT University, Skopje, RN Macedonia

Edited by: Slavica Hristomanova-Mitkovska
Citation: Mencheva Z. Autograft: Connective Tissue and Free Gingival Graft in Periodontal and Implant Surgery. Maced Med Electr J. 2025 Nov 20; 5:15-16. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6578
Keywords: Autograft; Connective Tissue Graft (CTG); Free Gingival Graft (FGG); Coronally Advanced Flap (CAF); Laterally positioned flap (LPF); Tunnel technique; Implant Surgery
***Correspondence:** Zhaklina Mencheva, University Dental Clinical Center "St. Pantelejmon", Clinic for Oral Surgery and Implantology - Skopje, RN Macedonia; Faculty of Dental Medicine, MIT University, Skopje, RN Macedonia.
E-mail: zhaklina.mencheva@dm.edu.mk
Received: 01-Oct-2025
Revised: 10-Nov-2025
Accepted: 14-Nov-2025
Copyright: © 2025 Zhaklina Mencheva.
License: This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Funding: This research did not receive any financial support
Competing Interests: The authors have declared that no competing interests exist

Abstract

Introduction: The workshop aims to provide both theoretical and practical foundations for understanding and surgically managing gingival recession as part of contemporary periodontal surgery. Emphasis is placed on the etiology and classification of gingival recessions according to Miller, as well as the clinical significance of gingival biotype and keratinized gingiva, particularly in the context of implants and periodontal defects.

Theoretical Part: The theoretical part addresses the significance of the gingival biotype and its impact on treatment prognosis and stability. It provides a detailed analysis of the anatomical aspects involved in harvesting free gingival grafts (FGG) and connective tissue grafts (CTG), emphasizing the relationship with the palatine artery (a. palatina) and key surgical safety parameters. Additionally, the principles of soft tissue augmentation in the anterior mandible are discussed, along with the indications and surgical protocols for the Coronally Advanced Flap (CAF), Lateral Pedicle Flap (LPF), tunnel technique, and VISTA tunnel technique. Potential intra- and postoperative complications are examined, including strategies for their prevention. The theoretical part also includes demonstrations of techniques for harvesting and applying autologous grafts, as well as advanced suturing techniques, such as the double W-suture and Sling suture, aimed at ensuring optimal graft stability, integration, and aesthetic outcomes. Finally, clinical cases are presented with an analysis of technique selection, treatment protocols, and achieved results.

Practical Part: The practical part is structured in two consecutive segments. First, techniques for harvesting FGG and CTG are refined on a model made of tomatoes, with a focus on precision and control during harvesting. Then, the acquired surgical skills are applied on animal models (porcine or lamb jaws), including the design of CAF, graft application, and execution of appropriate suturing techniques on both the donor and recipient sites.

Conclusion: The workshop enables systematic acquisition of theoretical knowledge and practical skills for the surgical correction of gingival recessions. The combination of autologous grafting techniques with proper flap and suturing approaches represents a key component for successful regenerative and esthetic periodontal therapy.

Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Северна Македонија
Македонско медицинско електронско списание. 2025 Ное 20; 5:17-18.
https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6579
eISSN: 1857-9809
Категорија: *МИТ-ФДМ2025 - „МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА “*
Секција: *Стоматологија*



OPEN ACCESS

Протокол на добивање и клиничка употреба на автологен дентински графт - AMDG (минерализиран) и DDM (деминерализиран) во презервација на алвеоларен гребен ARP

Буњамин Џафери[1,2*]

[1]ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Клиника за орална хирургија и имплантологија - Скопје, РС Македонија; [2]Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет, Скопје, РС Македонија

Уредено: Славица Христоманова-Митковска
Цитирање: Џафери Б. Протокол на добивање и клиничка употреба на автологен дентински графт - AMDG (минерализиран) и DDM (деминерализиран) во презервација на алвеоларен гребен ARP. Макед Мед Електр С. 2025 Ное 20; 5:17-18. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6579
Клучни зборови: Автологен дентински графт (AMDG), Деминерализиран дентински графт (DDM), Презервација на алвеоларен гребен (ARP), Smart Dentin Grinder (SDG), коскена регенерација, алвеоларна аугментација
***Кореспонденција:** Буњамин Џафери, ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Клиника за орална хирургија и имплантологија - Скопје, РС Македонија; Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет, Скопје, РС Македонија. E-mail: bunjamin.xhaferi@dm.mit.edu.mk
Примено: 01-Окт-2025
Ревидирано: 10-Ное-2025
Прифатено: 14-Ное-2025
Печатарски права: © 2025 Буњамин Џафери.
Лиценца: Овој труд е со отворен пристап дистрибуиран под условите на Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка
Конкурентски интереси: Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси

Извадок

Вовед: Работилницата има за цел да обезбеди теоретска и практична основа за протоколот на добивање и клиничката употреба на автологен дентински графт – минерализиран (AMDG) и деминерализиран (DDM) во презервација на алвеоларен гребен (ARP). Акцентот е ставен на класификацијата на дентинските графтови, карактеристиките на AMDG и прикажување на клинички случаи.

Теоретски дел: Се разгледува дефиницијата и клиничката употреба на дентински графт, класификацијата на графтовите (AMDG, PPDM, DDM) и нивните биохемиски и регенеративни својства.

Практичен дел: Учесниците ќе ја усовршуваат техниката за добивање на AMDG според протоколот на Itzhak Binderman со користење на SDG апарат, како и добивање на DDM и PPDM. Графтот се аплицира во коскената регија на фантомски модели и вилици од животинско потекло (свињи, овци). Целата процедура вклучува подготовка на забот, мелење со Smart Dentin Grinder, сортирање и хемиска обработка со Dentin Cleanser и PBS раствор за обезбедување стерилен графт спремен за апликација.

Заклучок: Работилницата овозможува стекнување на теоретски знаења и практични вештини за примена на AMDG и DDM во алвеоларната регенерација, обезбедувајќи сигурен и биохемиски активен графт за коскени аугментации и презервација на алвеоларен гребен.

Protocol for Obtaining and Clinical Application of Autologous Dentin Graft – AMDG (Mineralized) and DDM (Demineralized) in Alveolar Ridge Preservation (ARP)

Bunjamin Dzaferi[1,2*]

[1]University Dental Clinical Center "St. Pantelejmon", Clinic for Oral Surgery and Implantology - Skopje, RN Macedonia; [2]Faculty of Dental Medicine, MIT University, Skopje, RN Macedonia

Edited by: Slavica Hristomanova-Mitkovska
Citation: Dzaferi B. Protocol for Obtaining and Clinical Application of Autologous Dentin Graft – AMDG (Mineralized) and DDM (Demineralized) in Alveolar Ridge Preservation (ARP). Maced Med Electr J. 2025 Nov 20; 5:17-18. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6579
Keywords: Autologous Mineralized Dentin Graft (AMDG), Demineralized Dentin Graft (DDM), Alveolar Ridge Preservation (ARP), Smart Dentin Grinder (SDG), Bone Regeneration, Alveolar Augmentation
***Correspondence:** Bunjamin Dzaferi, University Dental Clinical Center "St. Pantelejmon", Clinic for Oral Surgery and Implantology - Skopje, RN Macedonia; Faculty of Dental Medicine, MIT University, Skopje, RN Macedonia.
E-mail: bunjamin.xhaferi@dm.edu.mk
Received: 01-Oct-2025
Revised: 10-Nov-2025
Accepted: 14-Nov-2025
Copyright: © 2025 Bunjamin Dzaferi.
License: This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Funding: This research did not receive any financial support
Competing Interests: The authors have declared that no competing interests exist

Abstract

Introduction: The workshop aims to provide a theoretical and practical protocol of obtaining and clinically applying autologous dentin graft – mineralized (AMDG) and demineralized (DDM) – in alveolar ridge preservation (ARP). Emphasis is placed on the classification of dentin grafts, characteristics of AMDG, and presentation of clinical cases.

Theoretical Part: The theoretical segment covers the definition and clinical applications of dentin grafts, classification of grafts (AMDG, PPDM, DDM), and their biochemical and regenerative properties.

Practical Part: Participants will learn techniques for obtaining AMDG following the Itzhak Binderman protocol using the SDG device, as well as preparing DDM and PPDM. Grafts are applied to the bone region using phantom models and animal jaws (pigs, sheep). The procedure includes tooth preparation, grinding with the Smart Dentin Grinder, particle sorting, and chemical treatment with Dentin Cleanser and PBS solution to produce a sterile graft ready for application.

Conclusion: The workshop provides participants with both theoretical knowledge and practical skills for using AMDG and DDM in alveolar ridge regeneration, ensuring a safe and biochemically active graft for bone augmentation and alveolar ridge preservation.

Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Северна Македонија
Македонско медицинско електронско списание. 2025 Ное 20; 5:19-20.
https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6580
eISSN: 1857-9809
Категорија: *МИТ-ФДМ2025 - „МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА “*
Секција: *Стоматологија*



OPEN ACCESS

Имплантопротетски процедури кај пациенти со тотална беззабост

Данчо Бизевски[1,2*], Филип Тантуровски[2,3]

[1]Нова Дентал Хирургија - Скопје, РС Македонија; [2]Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет, Скопје, РС Македонија; [3]Клиничка болница „Жан Митрев“, Оддел за стоматолошка протетика, Скопје, РС Македонија.

Уредено: Славица Христоманова-Митковска
Цитирање: Бизевски Д, Тантуровски Ф. Имплантопротетски процедури кај пациенти со тотална беззабост. Макед Мед Електр С. 2025 Ное 20; 5:19-20. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6580
Клучни зборови: Имплантопротетика, Тотална беззабост, Мултијунит абатменти, Отворена лажица, Дигитален интраорален скенер, Отпечатоци
***Кореспонденција:** Данчо Бизевски, Нова Дентал Хирургија - Скопје, РС Македонија; Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет, Скопје, РС Македонија. E-mail: danco.bizevski@dm.mit.edu.mk
Примено: 01-Окт-2025
Ревидирано: 10-Ное-2025
Прифатено: 14-Ное-2025
Печатарски права: © 2025 Данчо Бизевски, Филип Тантуровски.
Лиценца: Овој труд е со отворен пристап дистрибуиран под условите на Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка
Конкурентски интереси: Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси

Извадок

Вовед: Работилницата има за цел да обезбеди теоретска и практична основа за современите имплантопротетски процедури кај пациенти со тотална беззабост. Фокусот е ставен на хируршкиот и протетскиот протокол за поставување на импланти, избор и монтирање на мултијунит абатменти, како и споредба на класичните и дигиталните техники за земање отпечатоци.

Теоретски дел: Во теоретскиот сегмент се разгледуваат основните принципи на имплантологија, важноста и функцијата на мултијунит абатментите, како и деталите за класичната техника со отворена лажица и дигиталната техника со интраорален скенер за земање отпечатоци. Посебен акцент се става на прецизноста и репродуктивноста на техниките, како и на предностите и ограничувањата на секоја од нив.

Практичен дел: Учесниците ќе постават четири импланти на фантом-модел на долна вилица, ќе монтираат мултијунит абатменти и ќе земат отпечатоци со класичната и дигиталната техника. Отпечатоците ќе се лабораториски обработат за изработка на работни модели, што овозможува споредба на точноста, репродуктивноста и практичноста на двете техники.

Заклучок: Работилницата обезбедува целосно практично искуство, од поставување на импланти, преку апликација на абатменти, до финално отпечатоцирање и анализа на моделите. Ова придонесува за подобро разбирање и усвојување на традиционалните и дигиталните методи во имплантопротетската пракса, со цел подобрување на клиничките резултати и безбедноста на пациентите.

Implant-Prosthetic Procedures in Completely Edentulous Patients

Danco Bizevski[1,2*], Filip Tanturovski[2,3]

[1]Nova Dental Surgery - Skopje, RN Macedonia; [2]Faculty of Dental Medicine, MIT University, Skopje, RN Macedonia; [3]Zan Mitrev Clinical Hospital, Department of Prosthodontics, Skopje, RN Macedonia.

Edited by: Slavica Hristomanova-Mitkovska
Citation: Bizevski D, Tanturovski F. Implant-Prosthetic Procedures in Completely Edentulous Patients. Maced Med Electr J. 2025 Nov 20; 5:19-20. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6580
Keywords: Implant-prosthetics, Completely edentulous, Multi-unit abutments, Open tray, Digital intraoral scanner, Impressions
***Correspondence:** Danco Bizevski, Nova Dental Surgery - Skopje, RN Macedonia; Faculty of Dental Medicine, MIT University, Skopje, RN Macedonia.
E-mail: danco.bizevski @dm.edu.mk
Received: 01-Oct-2025
Revised: 10-Nov-2025
Accepted: 14-Nov-2025
Copyright: © 2025 Danco Bizevski, Filip Tanturovski.
License: This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Funding: This research did not receive any financial support
Competing Interests: The authors have declared that no competing interests exist

Abstract

Introduction: The workshop aims to provide a theoretical and practical foundation for modern implant-prosthetic procedures in patients with complete edentulism. The focus is on the surgical and prosthetic protocols for implant placement, selection and mounting of multi-unit abutments, as well as comparison of conventional and digital impression techniques.

Theoretical Part: The theoretical segment addresses the fundamental principles of implantology, the importance and function of multi-unit abutments, and the details of the conventional (open tray) and digital (intraoral scanner) impression techniques. Special emphasis is placed on the accuracy and reproducibility of the techniques, as well as the advantages and limitations of each.

Practical Part: Participants will place four implants on a mandibular phantom model, mount multi-unit abutments, and take impressions using both conventional and digital techniques. The impressions will be processed in the laboratory to fabricate working models, allowing comparison of accuracy, reproducibility, and practical usability of both methods.

Conclusion: The workshop provides comprehensive hands-on experience, from implant placement through abutment application to final impression taking and model analysis. This contributes to better understanding and adoption of both conventional and digital methods in implant-prosthetic practice, aiming to improve clinical outcomes and patient safety.

Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Северна Македонија
Македонско медицинско електронско списание. 2025 Ное 20; 5:21-22.
https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6581
eISSN: 1857-9809
Категорија: *МИТ-ФДМ2025 - „МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА “*
Секција: *Стоматологија*



OPEN ACCESS

Ендодонција под микроскоп: Успех, неуспех и границите на донесување одлуки

Александра Жужа*

Медицински факултет Фоча, Универзитет во Источно Сараево, Република Српска, Босна и Херцеговина

Уредено: Славица Христоманова-Митковска
Цитирање: Жужа А. Ендодонција под микроскоп: Успех, неуспех и границите на донесување одлуки. Макед Мед Електр С. 2025 Ное 20; 5:21-22. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6581
Клучни зборови: Ендодонција, минимално инвазивна ендодонција, терапија на коренски канали, CBCT, терапевтски неуспех, клиничко донесување одлуки
***Кореспонденција:** Александра Жужа, Медицински факултет Фоча, Универзитет во Источно Сараево, Република Српска, Босна и Херцеговина.
E-mail: aleksandra.zuza@yahoo.com
Примено: 01-Окт-2025
Ревидирано: 10-Ное-2025
Прифатено: 14-Ное-2025
Печатарски права: © 2025 Александра Жужа.
Лиценца: Овој труд е со отворен пристап дистрибуиран под условите на Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка
Конкурентски интереси: Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси

Извадок

Вовед: Современата ендодонција е полна со дилеми кои го обликуваат секојдневното клиничко работење, често истакнувајќи ја разликата помеѓу радиолошката совршеност и клиничките резултати.

Цел: Презентирање на главните контроверзии во современата ендодонција преку преглед на литературата и клиничкото искуство, обезбедување аргументи „за“ и „против“ различни пристапи и нагласување на потребата од индивидуализирано донесување одлуки.

Методи: Предавањето ги разгледува клиничките протоколи и упатства (ESE, 2023) за постигнување на идеални радиографски резултати, минимално инвазивна ендодонција со баланс помеѓу зачувување на структурата и дезинфекција на каналите, современи техники на ротирачки инструменти и ирегација, како и дебатираната употреба на антибиотици надвор од утврдените индикации. Се презентираат клинички случаи за анализа на факторите кои придонесуваат за терапевтски неуспех, дури и кога се исполнети техничките и процедурни параметри.

Резултати: Се дискутираат стратегии за донесување одлуки за ретретман или хируршко упатување. Посебно внимание се посветува на CBCT снимање, влијанието на општата здравствена состојба и системските фактори кои влијаат на индикациите и прогнозата на третираниот заб.

